**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Славе Дончев**
**именуван за подрачјето на**
**Кочани,Берово,Делчево и Виница**
**ул. Маршал Тито бр.54/2**
**тел. 033 277-007**

**Образец бр.29**

**И.бр.134/23**

Извршителот **Славе Дончев** од **Кочани** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **ДПТТДНП АРИЊЕМЕТАЛ ДОО увоз-извоз Скопје преку полномошник адвокат Христина Стојановиќ** од Скопје со седиште на ул. Перо Наков бр. 110, засновано на извршната исправа ПЛ1-ТС-78/22 од 21.12.2022 на Основен суд Кочани, против **должникот ДПЗМ АГРО-БАР ДОО Виница - во стечај од Виница** со седиште на ул. Партизанска бр. 1, за спроведување на извршување во вредност 48.085,00 ден., на ден 09.07.2024 година го донесува следниот:

## З А К Л У Ч О К

**ЗА ПРВА ПРОДАЖБА НА ПОДВИЖНИ ПРЕДМЕТИ СО УСНО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ**
**(врз основа на членовите 108 и 109 од Законот за извршување)**

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА ПРВА** продажба со усно јавно наддавање на следните подвижни предмети:

1. **Машина за стругање метал марка DOOSAN LYNX 2100 LM**
   **Износ од 4.378.159,оо денари**

2. **Машина за обработка на метал (струг) со фабрички број 5233**
   **Износ од 247.200,оо денари**

3. **Машина за обработка на метал (струг) со фабрички број 5323**
   **Износ од 247.200,оо денари**

4. **Машина за обработка на метал (струг) со фабрички број 5687**
   **Износ од 247.200,оо денари**

5. **Машина за обработка на метал (струг) со фабрички број 5688**
   **Износ од 247.200,оо денари**

6. **Машина за обработка на метал (струг) со фабрички број 5711**
   **Износ од 247.200,оо денари**

7. **Столбна бормашина марка MOOS тип VR 50**
   **Износ од 1.108.593,оо денари**

8. **Контејнери – улични со капацитет 1,1 м3, 56 броја, без капак и без тркалца, нецинковани**
   **Износ од 876.960,оо денари**

9. **15 капаци за контејнери непоцинкувани**
   **Износ од 39.150,оо денари**

10. **Хидрауличен апкан HIDROLIKSAN**
   **Износ од 640.182,оо денари**

**кои се наоѓаат во сопственост и владение на должникот ДПЗМ АГРО-БАР ДОО Виница - во стечај од Виница** со седиште на ул. Партизанска бр. 1, со вредност утврдена со Заклучок за утврдување вредност И.бр. 134/23 од 19.09.2023 година во износ од **8.279.044,оо денари**, која вредност претставува почетна цена за првото усно јавно наддавање.

Предметите се оптоварени со следните товари: Записник за попис и процена на подвижни предмети врз основа на чл. 103, 104 и 105 од ЗИ И.бр. 135/23 од 08.03.2023 година на Извршител Славе Дончев; Записник за попис и процена на подвижни предмети врз основа на чл. 103, 104 и 105 од ЗИ И.бр. 136/23 од 08.03.2023 година на Извршител Славе Дончев; Записник за попис и процена на подвижни предмети врз основа на чл. 103, 104 и 105 од ЗИ И.бр. 137/23 од 08.03.2023 година на Извршител Славе Дончев; Записник за попис и процена на подвижни предмети врз основа на чл. 103, 104 и 105 од ЗИ И.бр. 138/23 од 08.03.2023 година на Извршител Славе Дончев..

Продажбата ќе се одржи на ден 24.07.2024 година во 13:00 часот во просториите на Извршител Славе Дончев со седиште на ул. Маршал Тито бр.54/2, Кочани.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Дневен Весник Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на подвижните предмети.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 210068434840226 која се води кај НЛБ Банка АД Скопје и даночен број MK5013013503330.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Купувачот е должен да ја положи вкупната цена на предметите, веднаш по заклучувањето на наддавањето, а најдоцна во рок од три дена согласно член 112 став (1) од Законот за извршување.

Сите даноци и давачки кои произлегуваат од продажбата паѓаат на товар на купувачот.

Предметите што се ставени на продажба може да се разгледаат кај должникот ДПЗМ АГРО-БАР ДОО Виница – во стечај од Виница.

Овој заклучок се доставува до странките, а на учесниците на надавањето по нивно барање.

И З В Р Ш И Т Е Л
Славе Дончев

Д.-на: Должник
Доверител
Архива

**Правна поука:** Против овој заклучок може да се поднесе приговор до надлежниот суд согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.